**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-355**
**29.11.2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 98 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор наш арх.бр.10-4079/1 од 02.11.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-4383/3 од 28.11.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 43-та седница одржана на 28.11.2022 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, заради извршена повреда на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 10 октомври 2022 година е регистрирано емитување на рекламни огласи што не се јасно одвоени од другите делови од програмата со оптички и/или звучни средства на почетокот од рекламниот блок.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4079/1 од 02.11.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 98 став 1 од ЗАВМУ рекламирањето и телешопингот треба да бидат јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата. За да не се спречува употребата на нови рекламни техники, освен со оптички и/или звучни средства рекламирањето и телешопингот можат да се одвојат од другите делови на програмата и со просторни средства.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 2 ноември 2022 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, емитуван на 10 октомври 2022 година, на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 98 став 1 од ЗАВМУ.

Имено, во анализираниот ден (10-ти октомври 2022 година) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар е регистрирано емитување на рекламни огласи што не се јасно одвоени од другите делови на програмата, односно се емитувани без да се означат со оптички и/или звучни средства на почетокот од рекламниот блок.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецврицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4079/1 од 02.11.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, на 04.11.2022 година, испрати Допис наш арх.бр.10-4079/2 од 04.11.2022 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4079/1 од 02.11.2022 година, со цел во рок од 7 (седум) работни дена сд денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави појаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот, за што во предвидениот рок ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ, наш арх.бр.10-4091/3 од 14.11.2022 г. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 28.11.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување и заклучи на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 98 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4079/1 од 02.11.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-4383/3 од 28.11.2022 година, поради констатирано непочитување на одредбите на ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата, на седницата одржана на 28.11.2022 година донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4079/1 од 02.11.2022 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар;
- Управителот на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар;
- Одговорно лице на програмата во ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 02. 11. 2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4079 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар
3. **Период опфатен со надзорот:** 10 октомври 2022 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 ноември 2022 година
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, емитуван на 10 октомври 2022 година, на локално ниво, констатирано е прекршување на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (рекламирањето и телешопингот треба да бидат јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства или со просторни средства).

Во анализираниот ден е регистрирано емитување на рекламни огласи што не се јасно одвоени од другите делови на програмата, односно се емитувани без да се означат со оптички и/или звучни средства на почетокот од рекламниот блок.

10 октомври 2022

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| рекламни огласи без најавна шпица | 02:08:43 | 02:09:55 |
| рекламни огласи без најавна шпица | 04:15:13 | 04:16:25 |
| рекламни огласи без најавна шпица | 16:16:21 | 16:17:33 |
| рекламни огласи без најавна шпица | 19:31:16 | 19:32:28 |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, од 10 октомври 2022 година, е регистрирано емитување на рекламни огласи што не се јасно одвоени од другите делови од програмата со оптички и/или звучни средства на почетокот од рекламниот блок.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*